МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

# ПРЕДЛОГ на Закон
# за изменување и дополнување на Закон за Државен пазарен инспекторат

" Нов текст усогласен со Секретаријат за законодавство"

Скопје, јануари 2011 година

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за државен пазарен инспекторат ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2007 и 81/2007 ) е уредена надлежноста, организацијата на пазарната инспекција и постапките на инспекцискиот надзор.

Со донесувањето на Законот за инспекциски надзор се создаде основа за унификација и поголема ефикасност во постапувањето на инспекциските служби.

Со предложените измени и дополнувања на Законот за Државен пазарен инспекторат се врши усогласување на материјалниот закон со Законот за инспекциски надзор.

Истовремено, во предложените измени и дополнувања на овој закон се содржани и одредби за намалување на висината на глобите.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Основните цели на предложениот закон е да се изврши усогласување на материјалниот закон со Законот за инспекциски надзор со што ќе се регулира работата и сите аспекти на постапувањето на инспекциските служби, што би довело до поголема ефикасност и унификација во постапувањето.

Основните решенија на предлог законот, содржат решенија кои се однесуваат на посебните услови за вршењето на должноста инспектор, обврските на инспекторот , надлежност на комисијата да решава по жалба против решенијата на инспекторот , соработката со другите органи, како и санкции во случај на непочитување на обврските пропишани со предложениот закон.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за Државен пазарен инспекторат не предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложените измени и дополнувања на овој Закон не е потребно обезбедување на финансиски средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

ПРЕДЛОГ
на Закон за изменување и дополнување на Закон за
Државен пазарен инспекторат

Член 1

Во Законот за Државен пазарен инспекторат ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2007 и 81/2007 ) членот 4 се менува и гласи :
" Во постапката при вршење на инспекциски надзор ќе се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка и Законот за инспекциски надзор, доколку со овој закон поинаку не е уредено.. "

Член 2

Членовите 5,6 и 7 се бришат.

Член 3

Членот 8 се менува и гласи:
" Инспекторатот врши инспекциски надзор над примената на законите и прописите донесени врз основа на закон во работењето на трговските друштва, правните и физичките лица (во натамошниот текст: субјект на надзор), како и изрекување на инспекциски мерки со цел за отстранување на утврдените неправилности."

Член 4

Членот 12 се менува и гласи :
" Инспектор може да биде лице кое има висока стручна подготовка и најмалку три години работно искуство во струката . "

Член 5

Членовите 12-а, 12-б и 12-в се бришат.

Член 6

Во членот 13-а се додава нов став 1 кој гласи :
" Инспекторатот е прекршочен орган, а постапката пред прекршочниот орган ја води Комисија за одлучување по прекршок.
Ставовите 1,2,3,4,5, и 6 стануваат ставови 2,3,4,5,6, и 7 . "

Член 7

Членот 14 се менува и гласи :
"Инспекторот ги извршува работите согласно со годишна програма за работа. Во случај на ризик по животот и зрдавјето на луѓето и во ситуации кои бараат итна интервенција на државните органи, Инспекторатот може да презема инспекциски надзор надвор од годишниот план и програмата за работа.
Директорот донесува Годишната програма за работа на Инспекторатот најдоцна до 31 декември во тековната година , а за наредната година и подготвува месечни планови за работа на инспекторатот врз основа на кој се врши редовниот инспекциски надзор.
Инспекцискиот надзор се врши по налог на директорот или овластено лице од директорот .
Инспекторатот подготвува квартален извештај за својата работа и истото се објавува на веб страницата на Инспекторатот."

Член 8

Членот 15 се менува и гласи:
"Инспекторот самостојно ги врши работите на инспекцискиот надзор и презема мерки за кои е овластен со овој и друг закон.
При вршење на инспекцискиот надзор во согласност со закон инспекторот има обврски :

1) да постапува по иницијативи за поведување на инспекциска постапка и за тоа да го извести подносителот на иницијативата;

2) да го известува одговорното лице на субјектот на надзорот за почетокот на вршењето на инспекцискиот надзор, освен ако со закон поинаку не е утврдено или ако со таквото известување ќе се намали ефикасноста на надзорот, или заради заштита на јавниот интерес, животот и здравјето на луѓето и имотот,

3) да се легитимира пред субјектот на надзорот, односно пред одговорното или друго овластено лице на субјектот на надзорот;

4) да состави записник за извршениот инспекциски надзор;

5) да ја чува тајноста на класифицираните податоци;

6) да постапува законито, навремено и во согласност со Етичкиот кодекс на државните службеници и Етичкиот кодекс на инспекциската служба и

7) да го извести одговорното лице на субјектот на надзорот за законскиот основ за вршење на надзор. ”

Член 9

Членовите 17 и 19 се бришат.

Член 10

Во членот 21 се менува и гласи:

“Привремено одземените предмети-стоки од страна на инспекторот се предаваат на чување во Агенцијата за управување со одземен имот. “

Член 11

Членот 22 се брише.

Член 12

Членовите 28,29,30.31 и 32 се бришат.

Член 13

Членот 33 се менува и гласи:

“Против решението на инспекторот, односно директорот може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

Жалбата го одлага извршувањето на решението, освен ако со посебен закон поинаку не е уредено.

По жалба против решенијата на инспекторот одлучува посебна комисија при Министерството за економија составена од три члена кои ги именува министерот.

Комисијата од став 3 на овој член е составена од претседател и два члена сите дипломирани правници со најмалку три години работно искуство во струката, кои не треба да бидат вклучени во вршењето на инспекцискиот надзор.

Претседателот на Комисијата е од редот на раководните државни службеници .”

Член 14

Членот 39 се менува и гласи:

“Глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правното лице, ако:

1).не соработува и на барање на инспекторот не му овозможи непречен пристап до просториите,документите,електронските системи, средствата за комуникација или транспорт или кое било друго средство предмет на инспекциски надзор како и не ја достави целокупната документација потребна за извршување на инспекцискиот надзор ( чл.20.став 4 ).

2) не постапи по укажувањето на инспекторот за отстранување на утврдените недостатоци и не го извести инспекторот дака недостатоците се отстранети (член 23 став 1 и 3 ).

Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одоговорното лице во правното лице за дејствијата од став 1 на овој член.
Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на трговец поединец и на физичко лице за дејствијата од став 1 од овој член.
Глоба во износ од 700 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на самото место на правното лице за прекршокот од став 1 точка 2 од овој закон.
Глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на самото место на одоговорното лице во правното лице за прекршокот од став 1 точка 2 од овој член.
Глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на самото место на трговец поединец и на физичко лице за дејствијата од став 1 точка 2 од овој член.
Прекршочниот орган од членот 8 став 2 на овој закон е исклучиво надлежен за водење на прекршочна постапка и за изрекување на прекршочни санкции од ставовите 1 и 2 на овој член во согласност со Законот за прекршоците."

Член 15

Во целиот текст на Законот зборовите : " контролираниот субјект " се заменуваат со зборовите :
" субјект на надзор . "

Член 16

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за Државен пазарен инспекторат.

Член 17

Одредбите од членовите 1,7,8,10 и 13 од овој закон ќе отпочнат да се применуваат со отпочнување на примената на Законот за инспекциски надзор.

Член 18

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВЕН ПАЗАРЕН ИНСПЕКТОРАТ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Примарната цел на Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за Државен пазарен инспекторат е да се изврши усогласување со Законот за инспекциски надзор со што ќе се надмине разноликоста и дисбалансот што постоеше при постапувањето и работата на инспекциските служби , што ќе резултира и со поголема ефикасност и унифицирање во постапувањето.

Со член 1 во член 4 од законот се врши допрецизирање на прописите кои го регугираат постапувањето на инспекторите при вршењето на инспекцискиот надзор .

Со член 2 се бришат членовиоте 5,6 и 7 од Законот, бидејќи со Законот за инспекциски надзор се предвидени единспевени начела .

Со член 3 во член 8 од законот се врши прецизирање на субјектите на кои инспекторот врши инспекциски надзор.

Со членот 4 се менува членот 12 од законот и се прецизираат само посебните услови што треба да ги исполнува инспектор .

Со член 5 се бришат членовите 12-а,12-б и 12-в бидејќи со Законот за инспекциски надзор е регулиран начинот на полагање и проверка на стручниот испит и знењето и начинот наспроведување на испитот како и формирање на Комисија за полагање на испит .

Со член 6 во член 13-а од законот се додава нов став 1 со кој се прецизира дека инспекторатот е прекршочен орган а постапкатат пред прекршочниот орган ја води прекршочна комисија, а ставовите 1,2,3,4,5, и 6 стануваат ставови 2,3,4,5,6, и 7.

Со член 7 се прецизира рокот на донесувањето на Годишната програма до 31 декември во тековната година за наредната и подготвува месечни планови за работа врз основа на кои го спроведува редовниот инспекциски надзор.

Предвидена е обврска на Инспекторатот да подготвува и квартален извештај за својата работа и истото да го објавува на веб страната на Инспекторатот.

Со член 8 се менува член 15 од законот и се прецизираат обврските на инспекторот при вршење на инспекциски надзор согласно Законот за инспекциски надзор.

Со член 9 се бришат членовите 17и 19 од Законот.

Со член 10 се менува член 21 од законот, така што се прецизира декапривремено одземените предмети –стоки од страна на инспекторот се предаваат на чување во агенцијатат за конфискуван имот.

Со член 11 се брише член 22 од законот,бидејќи истото во практика не се применува.

Со член 12 се бришат членовите 28-32.

Со член 13 се менува член 33 од Законот што е предвидено право на жалба против решението на инспекторот во рок од осум дена од приемот на решението. По жалбите против одлуките на инспекторот одлучува посебна комисија при министерството за економија составена од три члена кои ги именува министерот .

Со член 14 во член 39 од законот е предвидено изрекување на глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност за прекршок на правното лице. Исто така е предвидена и глоба за трговец поединец, одговорно лице во правнотолице , како и глоба на самото место .Вслкучиво надлежен за водење на прекршочна постапка е прекршочниот орган.

Со член 15 досегашниот термин контролиран субјект се заменува со терминот субјект на надзор согласно Законот за инспекциски надзор.

Со член 16 се овластува законодавно-правната комисија да изготви пречистен текст на Законот за Државен пазарен инспекторат.

Со член 17 за членовите од 1,7,8,10 и 13се предвидува да отпочнат да се применуваат по отпочнување на примената на Законот за инспекциски надзор.

II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со измените и дополнувањата на Законот за Државен пазарен инспекорат се врши усогласување со Законот за инспекциски надзор и се обезбедува регулирање и допрецизирање на постапувањето на инспекциските служби со воспоставување на ефикасен систем за инспекциски надзор.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложениот закон се постигнува регулирање и унифицирање на постапувањето на инспекциските служби со што се обезбедува нова ефикасна правна рамка во постапувањето .

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВЕН ПАЗАРЕН ИНСПЕКТОРАТ КОИ СЕ МЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 4

Во постапката на инспекцискиот надзор се применува Законот за општа управна постапка, ако со овој закон поинаку не е уредено.

Член 5

Начело на транспарентност и јавност - при вршење на работите, Инспекторатот ги почитува начелата на транспарентност и јавност во согласност со закон.

На барање на заинтересираните физички и правни лица Инспекторатот е должен да ги достави сите неопходни информации кои би можеле да им бидат од корист, а кои се однесуваат на општата безбедност на потрошувачите и ризикот по животот и здравјето на луѓето, освен информациите за кои со закон не е дозволен пристап.

Член 6

Начело на претпазливост и пропорционалност - Инспекторатот го почитува начелото на претпазливост и пропорционалност.

Во случаите кога ќе се утврди дека прописот не е применет или неправилно е применет, секогаш кога е тоа можно и оправдано, ќе им се даде можност на контролираните субјекти да ги отстранат недостатоците, притоа почитувајќи го принципот на претпазливост и пропорционалност.

Член 7

Начело на доверливост - Инспекторатот е должен да ги чува доверливо податоците и информациите кои се достапни при извршувањето на работите од надлежност на Инспекторатот, на начин и под услови утврдени со закон и друг пропис.

Во случај на постоење на сериозен ризик по животот и здравјето на луѓето и нивниот имот, животната средина и природата, директорот на Инспекторатот ги објавува информациите утврдени со инспекцискиот надзор до степен кој е нужен да се докаже потребата од преземените мерки согласно со закон.

Член 8

Инспекторатот врши инспекциски надзор над примената на законите, другите прописи, како и на примената на актите од страна на трговските друштва и другите правни и физички лица кои вршат дејност и граѓаните (во натамошниот текст: контролиран субјект), кои се однесуваат на економските активности кои се вршат на територијата на Република Македонија, и тоа:

- надзор над пазарот на производи и услуги,
- безбедност на производи на пазарот,
- заштита на потрошувачите,
- прометот на предмети од скапоцени метали,
- техничката сообразност на производите,
- контрола на употребата на мерните единици и мерилата во прометот,
- туристичката дејност,
- угостителската дејност,
- занаетчиската дејност,
- заштита на правата од индустриска сопственост на пазарот,
- заштита на авторското право и другите сродни права на пазарот и
- други работи определени со закон.

Инспекторатот, за одделни прекршоци определени со закон може да води прекршочна постапка и може да изрече прекршочна санкција.

Постапката од ставот 2 на овој член ја води комисија составена од службени лица овластени од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на економијата (во натамошниот текст: министерот).

Комисијата од ставот 3 на овој член одлучува за прекршоците утврдени со овој или друг закон и изрекува прекршочни санкции согласно со овој закон, Законот за прекршоците или со друг закон.

Член 12

Инспектор може да биде лице кое има висока стручна подготовка и најмалку три години работно искуство во струката.

На секои три години се врши проверка на знаењето на инспекторот.

Доколку исходот од проверка на знаењето од ставот 2 на овој член е негативен, по шест месеца од првата проверка, се врши повторна проверка на знаењето на инспекторот. Доколку исходот од повторната проверка на знаењето на инспекторот е негативен, на инспекторот му престанува работниот однос.

Проверката на знаењето на инспекторот за самостојно извршување на инспекцискиот надзор се спроведува преку полагање на испит за проверка на знаењето, според Програмата за проверка на знаењето, што на предлог на директорот ја донесува министерот.

Со испитот се утврдува дали инспекторот поседува стручни знаења за самостојно извршување на инспекцискиот надзор.

Испитот за проверка на знаењето го спроведува Комисија за проверка на стручните знаења на инспекторот, која ја формира министерот (во натамошниот текст: Испитната комисија). Испитната комисија брои пет члена со мандат од три години.

Испитната комисија е составена од по еден раководен државен службеник од Министерството за економија и Министерството за правда, два раководни државни службеника од Инспекторатот и еден член од високообразовна научна институција поврзана со надлежностите на Инспекторатот, сите со најмалку пет години работно искуство во својата област. Во зависност од потребата Комисијата може да биде составена и од раководни државни службеници од другите министерства.

Два члена на Испитната комисија треба да се дипломирани правници.Претседателот на Испитната комисија е од редот на раководните државни службеници во Инспекторатот.

Испитната комисија за својата работа донесува деловник.

На членовите на Испитната комисија им следува надоместок што го определува министерот.

Постапката и начинот за проверка на знаењето на инспекторот и програмата за спроведување на испитот ги пропишува министерот на предлог на директорот.

Член 12- а

Инспекторот кој не се согласува со оценката на Испитната комисија може веднаш, а најдоцна во рок од три дена по објавувањето на оценката да поднесе приговор до Испитната комисија.

По приговорот инспекторот има право повторно да полага испит најдоцна во рок од три дена пред друга комисија формирана од министерот.

Комисијата од ставот 2 на овој член е составена од претседателот на Испитната комисија и два нови члена кои треба да ги исполнуваат условите од членот 12 став 7 на овој закон.

За претседател на Комисијата од ставот 2 на овој член се определува еден од новите членови.

Член 12- б

Инспекторот кој на испитот е оценет позитивно добива потврда дека го положил испитот (во натамошниот текст: потврдата).

Потврдата ја потпишува претседателот на Комисијата.

Потврдата му се издава на инспекторот веднаш, по положувањето на испитот, или најдоцна во рок од осум дена.

Член 12 –в

Министерството води евиденција за спроведениот испит за секој инспектор поединечно.

Евиденцијата од ставот 1 на овој член се чува трајно.

Член 13-а

Министерот може да формира прекршочни комисии кои ќе бидат надлежни за водење на прекршочна постапка за прекршоци од одделни области и за одделни подрачја во Република Македонија во согласност со надлежноста на апелационите судови определена со Законот за судовите.

Прекршочните комисии (во натамошниот текст: Комисија) се составени од по пет члена и нивни заменици од кои:

- три дипломирани правника со пет години работно искуство во струката од кои еден со положен правосуден испит и два члена со висока стручна подготовка со пет години работно искуство во струката.

Комисијата се избира за времетраење од три години со право на реизбор на членовите.
Претседател на Комисијата треба да биде лице со завршен правен факултет и положен правосуден испит.
Комисијата донесува деловник за својата работа.
(Против решенијата на Комисијата со кои се изрекува прекршочна санкција согласно со одредбите од овој закон, може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд.

Член 14

Инспекторатот ги извршува работите согласно со годишна програма за работа. Во случај на ризик по животот и здравјето на луѓето и во ситуации кои бараат итна интервенција на државните органи, Инспекторатот може да презема инспекциски надзор надвор од годишниот план и програмата за работа.

Годишната програма за работа ја донесува директорот и ја доставува до министерот.

Годишната програма содржи процена на влијанието на инспекцискиот надзор врз работењето на контролираните субјекти.

Директорот подготвува годишен извештај за работата на Инспекторатот во претходната година и го поднесува преку министерот до Владата на Република Македонија, најдоцна до крајот на јануари во тековната година.

Годишниот извештај се објавува на веб страницата на министерството.

Член 15

Инспекторот самостојно ги врши работите на инспекцискиот надзор и презема мерки за кои е овластен со овој и друг закон.

Член 17

(1) Овластувањето за вршење на инспекциски надзор, инспекторот го докажува со службена легитимација.
(2) Инспекторот е должен при вршењето на инспекцискиот надзор, да ја покаже службената легитимација, а на барање на контролираниот субјект, да му дозволи да ја разгледа.
(3) Формата и содржината на образецот на службената легитимацијата, како и начинот на издавање и одземање на службената легитимација од ставот 1 на овој член ја пропишува министерот.

Член 19

Инспекцискиот надзор се врши без претходна најава, во време кога контролираниот субјект ги извршува своите активности или во секое друго време кога тоа е оправдано заради заштита на јавниот интерес, животот и здравјето на луѓето и имотот.

Одделни работи на инспекцискиот надзор во согласност со Законот за општата управна постапка, можат да се извршат во канцеларијата на Инспекторатот со цел да се разјаснат околностите на случајот.

Инспекторите го вршат инспекцискиот надзор ефикасно, водејќи сметка за заштита на јавниот интерес и до степен колку што е тоа можно за заштита на интересот на контролираниот субјект.

Член 21

Кога со закон или пропис е предвидена можност за одземање на производи инспекторот може привремено да одземе или да чува производ, или документ кои се потребни заради обезбедување на докази за утврдување на фактичката состојба или спречување на сериозен ризик по животот и здравјето на луѓето.

За извршеното привремено одземање и чување од ставот 1 на овој член, инспекторот издава потврда.

Потврдата од ставот 2 на овој член содржи точен опис и количина на одземените производи, односно документација, како и датум на одземање и датум на враќање на производите, односно документацијата.

Инспекторот е должен производот, односно документацијата да ја врати што е можно побрзо, но не подоцна од три работни дена сметано од денот на одземањето.

Формата и содржината на образецот на потврдата од ставот 2 на овој член ја пропишува министерот надлежен за вршење на работите од областа на економијата .

Член 22

При вршење на инспекцискиот надзор со цел да утврди определен недостаток согласно со закон инспекторот може да купи производ или да добие услуга, само ако тоа му е одобрено од непосредно претпоставениот државен службеник.

Кога тоа е можно, купениот производ ќе биде вратен под услов да не е оштетен.

Во случаите од ставот 2 на овој член износот за купениот производ се враќа.

Начинот и постапката за купувањето од ставот 1 на овој член ги пропишува министерот.

Трошоците за купување на производи и извршување на услуги паѓаат на товар на министерството.

Член 28

За извршениот инспекциски надзор, инспекторот составува записник.

Записникот го потпишуваат лицата кои учествувале во постапката на инспекцискиот надзор. Кога лицето кое учествувало во постапката на инспекцискиот надзор ќе одбие да го потпише записникот, инспекторот ќе го забележи тој факт и причината за одбивањето.

Контролираниот субјект може да изјави приговор на содржината на записникот во рок од три дена сметано од денот кога записникот бил сочинет, односно потпишан од лицата кои учествувале во постапката на инспекцискиот надзор.

Приговорот од ставот 3 на овој член се поднесува до инспекторот.

Инспекторот е должен да одговори на приговорот без одлагање, но не подоцна од три дена од приемот на приговорот.

Во случај кога е изјавен приговор согласно со ставот 3 од овој член, се одлага донесувањето на решението до истекот на роковите од ставовите 3 и 5 на овој член.

Формата и содржината на образецот на записникот од ставот 1 на овој член ја пропишува министерот.

Член 29

Со цел да се утврди дали производот ги исполнува барањата определени со закон и други прописи, инспекторот може да земе примероци на производи.

Примерок на производ може да биде земен за тестирање во количина и на начин определен со посебен пропис или доколку таков не постои, во количина потребна за да се изврши проверката.

Земањето на примерок се забележува во записникот.

Примероците на производите се тестираат без одлагање.

По завршување на тестирањето, лицето кое ги вршело тестирањата е должно да изготви извештај за тестирањето и без одлагање да го достави до Инспекторатот најдоцна во рок од три дена.

Контролираниот субјект има право да добие копија од извештајот од ставот 5 на овој член.

Член 30

Во случаите од членот 29 на овој закон, заедно со основниот примерок се зема и дополнителен примерок од истата серија во количество кое соодветствува на количината земена за проверка (во натамошниот текст: вториот примерок).

Вториот примерок се чува во Инспекторатот за временски период определен од страна на инспекторот, во услови коишто спречуваат можност за промена на квалитетот или карактеристиките на производот.

Вториот примерок не се зема во случаите кога:

1) земањето на примерокот ќе биде отежнато поради неговата вредност, вид или малото количество кое е предмет на инспекциски надзор;

2) не е возможно чување на примерокот во услови кои спречуваат промена на квалитетот или карактеристиките на производот и

3) примерокот на производот е проверен по органолептички метод во текот на инспекцискиот надзор, освен ако постои сомневање дека производот не ги исполнува барањата предвидени со закон и друг пропис или неговите карактеристики не соодветствуваат на декларацијата на производот.

Член 31

Доколку тестирањето покаже дека производот не ги исполнува барањата определени со закон или други прописи или од декларацијата на производот, контролираниот субјект е должен да го плати износот за трошоците на тестирањето.

Член 32

(1) Постапката на земање и проверка на примероци од страна на инспекторот, ја пропишува министерот.

Член 33

Против решението на инспекторот, односно директорот може да се изјави жалба до министерот,освен ако со посебен закон поинаку не е уредено.

Жалбата го одлага извршувањето на решението, освен ако со посебен закон поинаку не е уредено.

Член 39

Глоба во износ од **3.500** до **5.000** евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:

1) не соработува и на барање на инспекторот не му овозможи непречен пристап до просториите, документите, електронските системи, средствата за комуникација или транспорт или кое било друго средство предмет на инспекциски надзор како и не ја достави целокупната документација потребна за извршување на инспекцискиот надзор (член 20 став 2);

2) не постапи по укажувањето на инспекторот за отстранување на утврдените недостатоци и не го извести инспекторот дека недостатоците се отстранети (член 23 ставови 1 и 3) и

3) не изготви извештај за тестирањето и по завршувањето на тестирањето не го достави извештајот до Инспекторатот во рок од три дена (член 29 став 5).

Глоба во износ од **1.300** до **2.000** евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршок од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од **700** до **1.000** евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице за прекршок од ставот 1 точки 1 и 2 на овој член.

За дејствијата од ставот 1 на овој член, покрај глобата на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење на дејност во траење од 15 до 30 дена, а на одговорното лице во правното лице, односно на физичкото лице ќе му се изрече прекршочна санкција забрана за вршење на дејност или должност во траење од три до 15 дена.

Државниот пазарен инспектор може за прекршоците од овој член да му изрече на правното лице мандатна казна на самото место во износ од **500** евра во денарска противвредност, а на одговорното лице во правното лице во износ од **200** евра во денарска противвредност, како и на физичкото лице во износ од **100** евра во денарска противвредност.

Прекшочниот орган од членот 8 став 2 на овој закон е исклучиво надлежен за водење на прекшочна постапка и за изрекување на прекшочни санкции од ставовите 1 , 2 и 3 на овој член во согласност со Законот за прекршоците.